Fostering
SUSTAINABLE
REINTEGRATION OF ROMA
returnees in Macedonia

# ПРИРАЧНИК

## за реинтеграција на Роми-повратници

Како да ги остварам своите права по враќањето во Македонија?

European Policy Institute. Skopje

Невладина организација КХАМ Делчево

Изработката на оваа анализа е поддржана од страна на Институтот Отворено Општество во соработка со Тинк Тенк фондот на фондациите Отворено Општество.

Овој прирачник е наменет за Роми-повратници од западноевропските или други земји, во кои престојувале како баратели на азил или економски мигранти, во Република Македонија. Тој нуди едноставни насоки и основни информации на повратниците за можностите и поддршката што можат да ја добијат од јавните институции, граѓански организации и други чинители за полесно да се вклучат во животот на заедницата. Акцентот е ставен на следните области:


| | |
|---|---|
| лични документи, | 7 страна |
| социјална заштита, | 10 страна |
| здравствена заштита, | 15 страна |
| образование, | 18 страна |
| вработување и | 22 страна |
| домување. | 24 страна |


Прирачникот е изработен во рамките на проектот „Поттикнување одржлива реинтеграција на Ромите-повратници во Македонија“, спроведуван од Институтот за европска политика (ЕПИ) од Скопје, во соработка со Невладината организација „КХАМ“ од Делчево. Проектот се спроведува во ромските заедници во пет градови: Скопје (Шуто Оризари), Битола, Делчево, Тетово и Куманово, поради што во прирачникот се претставени подетални информации за можностите.

# Вовед

Репатријацијата е процес на враќање на едно лице во државата од каде што потекнува, бидејќи не постои законска основа лицето да го продолжи престојот во некоја друга (странска) држава. Најчесто, лицето го губи правото да престојува во странска држава во следниве случаи:

- доколку неговото барање за азил е одбиено,
- доколку лицето престојува во странската држава подолго време од времето определено за престој на странски државјани опфатени со безвизен режим,
- доколку лицето престојувало во странската држава подолго од периодот овозможен за престој во визата за влез во странската држава,
- доколку лицето нелегално влегло во странската држава и
- доколку истекол рокот определен во дозволата за престој или живеење на лицето во странската држава.

За да не се најдете во ваква ситуација, имајте на ум дека:

Кога станува збор за барање азил во земјите-членки на Европската Унија (ЕУ), треба да се истакне дека тие, речиси без исклучок, ги одбиваат барањата за азил поднесени од македонски граѓани. Причината за ова е фактот дека ЕУ ја смета Македонија за „безбедна земја“ – земја во која не е загрозен животот и безбедноста на ниту една група луѓе, вклучувајќи ги и Ромите. За пример, во 2014 година само 0,9% од барањата за азил поднесени од граѓани на Македонија до земји-членки на ЕУ биле одобрени, или, поедноставно речено, биле одобрени само 9 од секои 1,000 поднесени барања. Сиромаштијата и неповолната економска состојба не се сметаат за доволни причини за одобрување на барањето за азил.

Македонските граѓани можат да влезат во земјите-членки на ЕУ без виза, со исклучок на Велика Британија и Ирска. Престојот во ЕУ не смее да надмине повеќе од 90 денови во рамките на период од

шест месеци; престојот над тој рок се смета за нелегален. Во текот на престојот, македонските државјани – посетители немаат право на вработување, социјална помош, бесплатна здравствена заштита или други погодности.

Особено внимавајте доколку имате кредит (заем) или долг по каков било основ кон државен орган, јавно претпријатие, банка или други лица: обврската да ги платите по долгот ниту се одложува, ниту се прекинува кога патувате во странство. Напротив, може против Вас да биде покрената постапка пред извршител и Вашиот долг ќе се зголеми за дополнителните трошоци за казнени камати и за постапката за извршување.

Влегувањето во странска држава на нелегален начин е кривично дело за што може да биде изречена и затворска казна.

Многу голема е веројатноста дека Вашето барање за азил во земјите-членки на Европската унија ќе биде одбиено.

## Важно:

Престојот во земја-членка на ЕУ над максимално дозволениот рок од 90 дена се смета за нелегален престој и може да Ви биде изречена казна.

Пред патувањето, информирајте се за максимално дозволениот рок и условите за влез и пре-стој во странската држава што сакате да ја посетите. Информациите можете да ги добиете од:

амбасадата во Скопје на земјата што сакате да ја посетите (или нивната веб-страница), и

Министерството за надворешни работи на Македонија, поточно од Директоратот за конзуларни услуги на министерството.

Патувањето во странство не Ве ослободува од обврската да го платите Вашиот долг (доколку имате долг од каква било природа). Неплаќањето може да Ви донесе дополнителни трошоци.

Не патувајте во странска држава на нелегален начин!

# Лични документи

За да си ја олесните реинтеграцијата клучно е да ги поседувате личните документи за Вас и за Вашето семејство. Под лични документи подразбираме:

**-лични карти и пасоши за сите возрасни членови на семејството,**

**-изводи од книгата на родените за сите малолетни деца во семејството,**

**-извод од книгата на венчани (венчаница) доколку сте во формален брак,**

**-здравствени книшки и здравствена документација,**

**-свидетелства, дипломи и други документи издадени од образовни институции,**

**-документи кои произлегуваат од работен однос, особено уплати за придонеси за пензиско-инвалидско и здравствено осигурување,**

**-имотни листови и други документи во врска со имотот што го поседувате (на пример, купопродажни договори),**

**-други документи кои се од значење за Вас и за членовите на Вашето семејство.**

Важните документи чувајте ги на безбедно и место отпорно на надворешни влијанија (влага, топлина и сл.) за да спречите да се оштетат или уништат. Недостатокот од документи може во голема мера да Ви ја отежни реинтеграција по враќањето од странство.

Добра навика е да чувате копии или скенови од важните документи на различно место од она кадешто ги чувате оригиналите. Иако честопати институциите бараат оригинален документ, административните постапки за вадење нови документи ќе можете полесно да ги завршите ако барем располагате со податоците кои стојат во документите.

Особено е важно да се нагласи значењето на документите за лична идентификација: извод од матичните книги на родените и на венчаните, лични карти и пасоши. Без овие документи практично не можете да остварите ниту едно право како граѓанин на Република Македонија. Затоа, по враќањето во земјава, прв приоритет треба да Ви биде да ги извадите наведените документи за сите членови на Вашето семејство.

За изводите од матичните книги надлежна е Управата за водење на матичните книги (www.uvmk.gov.mk, тел: 02 3223-787) Во секое поголемо место во Македонија има подрачни канцеларии на

Управата (матични подрачја) во кои можете да се обратите за регулирање на упис во матичните книги. На крајот од овој документ се прикажани контактите на канцелариите на Управата кои се најблиску до локалните ромски заедници во Шуто Оризари, Битола, Делчево, Тетово и Куманово. Внимавајте, постои законска обврска да го пријавите раѓањето на новороденче во најблиската канцеларија на Управата за водење на матичните книги, без оглед дали е родено во болница или во домашни услови, во рок од 30 од денот на раѓањето. За упис на дете родено во брачна заедница ќе Ви бидат потребни следните документи:

**-копија од лична карта или пасош на родителите и оригинал на увид,**

**-извод од матичната книга на венчаните за родителите – внимавајте датумот на издавање да не е пред 2007 година,**

**-барање за издавање извод од матична книга на родените за новореденче,**

**-уплатница на износ од 100 денари за административна такса и**

**-уплатница на износ од 50 денари на Управата за водење на матичните книги.**

Лицата кои се корисници на социјална парична помош можат да добијат ослободување од обврската да уплатат 100 денари за административна такса. За ослободувањето ќе треба да приложите решение или потврда од центарот за социјални работи дека сте корисник на социјална парична помош.

Дополнителни информации за оваа и за другите услуги на Управата за водење на матичните книги, како на пример постапката за упис на новороденче родено во вонбрачна заедница, можете да добиете во најблиската подрачна канцеларија на Управата или преку нивната веб-страница (www.uvmk.gov.mk, видете во делот Услуги).

Особено внимание обрнете на уписот во матичната книга на родените на Вашите деца родени во странство. Ако некои од Вашите деца се родени во странство, во најбрз можен рок по враќањето посетете ја подрачната единица на Управата за водење на матичните книги, распрашајте се за потребните документи и отпочнете ја постапката. Без упис во матичните книги, ќе Ви биде многу тешко да ги запишете децата на училиште или здравствено да ги осигурате.

За лични карти и пасоши надлежно е Министерството за внатрешни работи (http://www.mvr.gov.mk/). На крајот од овој документ се прикажани контактите на канцелариите на канцелариите на министерството задолжени за лични карти и пасоши кои се најблиску до локалните ромски заедници во Шуто Оризари, Битола, Делчево, Тетово и Куманово. Обрнете внимание дека секој полнолетен граѓанин задолжително мора да поседува лична карта. За да извадите лична карта, треба да закажете термин на

бесплатниот телефонски број 0800 192 92 при Министерството за внатрешни работи (внимание: за да го добиете бројот ќе мора да повикате од фиксен телефон). Ако за прв пат вадите лична карта, ќе Ви бидат потребни следните документи:

**-барање (можете да го добиете и пополните на лице место),**
**-уплатница на износ од 190 денари или уплата на лице место на износ од 190 денари со кредитна картичка и**
**-лична карта од еден од родителите.**

На бесплатниот телефонски број можете да добиете повеќе информации или на делот од веб-страницата на МВР за лични документи (http://termin.mvr.gov.mk/).

За информации, совети и поддршка во административните процедури за обезбедување документи за лична идентификација можете да се обратите и до најблискиот Ромски информативен центар (контактите се на крајот од прирачникот).

# Социјална заштита

За да остварите кое било право од социјална заштита, претходно мора да обезбедите лична документација (за детали види во претходното поглавје). Вие како повратници не сте категоризирани како посебна ранлива група, но за вас се обезбедени истите права како и за сите граѓани на Република Македонија.

## Како да остварам правото на социјална парична помош?

За да го остварите правото на социјална парична помош, треба да сте невработено лице кое активно бара работа и да сте член на „материјално необезбедено домаќинство". Главен услов за социјална парична помош е Вие и Вашето семејство да се соочувате со потешкотии да обезбедите средства за егзистенција. Тоа не значи дека треба воопшто да немате приходи, туку просечните вкупни месечни приходи во Вашето семејство во последните три месеци пред да поднесете барање треба да бидат пониски од износот на социјалната парична помош. Државата го утврдува овој износ еднаш во годината. Според износот за 2017 година, Вие и Вашите семејство имате право на социјална парична помош доколку Вашите приходи во последните три месеци се пониски од:

| Број на членови во семејството и домаќинството | Износ на социјална парична помош **(во денари)** |
|---|---|
| едно лице | 2.831 |
| две лица (двајца членови) | 3.878 |
| три лица (тројца членови) | 4.925 |
| четири лица (четворица членови) | 5.973 |
| пет лица (петорица членови) | 7.020 |

Обратете се во најблискиот Центар за социјална работа или Ромски информативен центар за да добиете подетални информации за критериумите за остварување социјална парична помош.

Најпрво треба да се обратите во најблискиот Центар за вработување за да Ве воведат во системот на евиденција како невработено лице – активен барател на работа. Во центарот однесете ги на увид следните оригинални документи:

**-лична карта,**

**-диплома, односно свидетелство за завршено образование.**

На лице место ќе го пополните и потпишете образецот – Пријава за воведување во регистар, по што ќе бидете запишани во евиденцијата.

Со тоа добивате обврска, како невработени лица кои остваруваат право на паричен надомест, да се пријавувате во Центарот за вработување на секои 30 дена, при што со себе доставувате лична карта на увид и контролен картон за пријавување. Ако не се придржувате до оваа обврска, односно ако не се пријавувате секој месец како активен барател на работа во Вашиот центар за вработување, ќе го изгубите правото на социјална парична помош. Според закон, ова право не ќе може да го остварите во наредните 12 месеци.

Откако претходно веќе сте се пријавиле во Центарот за вработување како активен барател на работа, обратете се до Центарот за социјална работа надлежен за Вашата општина за да поднесете барање за социјална парична помош. Потребни документи за пријавување се:

**-барање-Образец БСП,**

**-важечка лична карта и**

**-пресуда за развод на брак, пресуда за определена законска издршка и потврда за редовен студент (овие документи се доставуваат само доколку за тоа има потреба, односно доколку сте разведен/а, сте студент или имате член на семејство кој е студент и сл.).**

Центарот за социјална работа (ЦСР) ќе ги обезбеди останатите потребни документи по службена должност. Центарот ќе ги провери Вашите остварени годишни приходи, имотот со кој располагате, вклучувајќи возило, изводи од книгата на родените на членовите на Вашето семејство, извод од матичната книга на венчаните итн. На тој начин Центарот за социјална работа детално ќе провери дали ги исполнувате предвидените законски услови, да се стекнете со правото на социјална парична помош.

Кога ќе добиете решение дека Ви е одобрена социјална парична помош, имате обврска редовно да се пријавувате во Центарот за социјална работа и тоа:

**-невработените лица се пријавуваат секој месец, во периодот од првиот и најдоцна до 15 ден во месецот,**

**-вработените лица еднаш на секои три месеци и**

**-пензионерите еднаш годишно.**

Доколку не ја исполните оваа обврска не се пријавите навремено во Центарот за социјална работа, односно ако не се пријавите навремено во Центарот за социјална работа, ќе го изгубите правото на социјална парична помош. Истото не ќе можете да го остварите во наредните шест месеци.

Напомена: Ако добиете социјална парична помош, тогаш, во зависност од бројот на членови во Вашето семејство, односно домаќинство, ќе го добивате целиот предвиден износ (прикажан во табелата погоре) во текот на првите три години. По истекот на третата, износот на помошта ќе биде преполовен и Вие и Вашето семејство ќе добивате половина од наведената сума.

Ако се соочите со потешкотии поврзани со постапката за добивање социјална парична помош, обратете се за поддршка и совет во најблискиот Ромски информативен центар.

## Кои други права од социјална заштита можам да ги користам?

Постојат други права од областа на социјалната заштита кои можете да ги користите, без оглед дали сте корисник на социјална парична помош или не. На пример, ако во семејството имате член со попреченост (хендикеп), можете да поднесете барања за остварување право на одреден паричен надомест или социјални услуги по основ на попреченост. Или доколку се соочите со пожар или некоја елементарна непогода (пример, поплава), имате право на еднократна парична помош. Самохраните родители имаат право на дополнителна поддршка. Корисниците на социјална парична помош и на постојана парична помош имаат право на субвенции за подмирување на сметките за електрична енергија или трошоците за дрво за огрев; итн

Подолу се прикажани основните информации за некои од најчесто користените права од областа на социјалната заштита, на кои можеби имате право:

| Право | За кого е наменето | Износ **(во денари)** |
| --- | --- | --- |
| Постојана парична помош | Лица кои се неспособни за работа и се материјално необезбедени:<br>•кои имаат потежок облик на физичка или интелектуална попреченост,<br>•кои имаат душевни заболувања или трајни промени на здравствената состојба,<br>•самохран родител во текот на првите три години од животот на детето,<br>•лице постаро од 65 години и сл.<br>Постојаната парична помош се обезбедува за носителот на правото и за децата во семејството, како соживатели, до 18-годишна возраст или до 26-годишна возраст ако се редовни студенти. | 4.247<br>за носителот на правото<br>5.946<br>за носителот и еден соживател<br>8.494<br>за носителот и двајца или повеќе соживатели |
| Паричен надоместок за помош и нега од друго лице | Лица кои се над 26-годишна возраст и на кои им е неопходна помош и нега од друго лице за извршување на основните животни потреби:<br>•лица со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој,<br>•лице со потешка и најтешка физичка попреченост и<br>•лице со трајни промени во здравствената состојба (пример, тешка хронична болест). | различен износ, го определува посебна стручна комисија во зависност од „обемот на потребата за помош и нега од друго лице“ |

| | | |
|---|---|---|
| Еднократна парична помош | Лица и семејства кои се нашле во положба на социјален ризик кои:<br>•се погодени од природна непогода (земјотрес, поплава, пожар), епидемија или смрт на член на семеството,<br>•имаат потреба од оперативен зафат или подолго лекување во странство на член на семејството,<br>•се корисници на социјална парична помош и се станбено необезбедени за да си обезбедат „нужно сместување“ итн.<br>Постојат и други основи за добивање еднократна парична помош или помош во натура; информирајте се во најблискиот ЦСР. | 30.000 денари<br>ако еднократната парична помош е одбиена по некој од наведените основи |
| Парична помош на мајка која родила четврто дете | Мајка која родила четврто живородено дете и која:<br>•се грижела за децата до нивната 18-годишна возраст,<br>•е невработена и<br>•не користи право на пензија. | 8.000 |
| Парична помош на лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа | Лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа и кое:<br>•нема приходи и имот од кои може да се издржува,<br>•до 26-годишна возраст. | 4.000<br>(5.600<br>доколку лицето е редовен студент) |

Информациите за овие и за сите други достапни права и можности побарајте ги во Центарот за социјална работа, општината, Ромскиот информативен центар или граѓанските организации кои работат во Вашата заедница. Објаснете ја добро Вашата ситуација за соговорниците од институциите или граѓанските организации да можат да Ви го дадат најдобриот совет.

# Здравствена заштита

За да можете да ги користите услугите на јавното здравство – матичен лекар, стоматолог (заболекар), гинеколог, здравствен дом или болница, мора да сте здравствено осигурани при Фондот за здравствено осигурување. Доколку не сте, трошоците за прегледи и лекување ќе треба да ги платите самите.

Доколку се вработите, ќе бидете здравствено осигуран преку Вашиот работодавач. Во таков случај, здравствено осигурување следува и за Вашите деца и брачниот другар.

Ако некогаш сте биле осигуран преку државниот систем за здравствено осигурување. Вашиот тековен статус во поглед на здравственото осигурување можете да го проверите електронски преку следната интернет адреса: https://moeosiguruvanje.fzo.org.mk/. За проверка потребно е да го знаете Вашиот единствен матичен број (ЕМБГ) и единствениот здравствен број на осигуреникот (ЕЗБО).

За информации, совет и поддршка за остварување на правото на здравствено осигурување можете да се обратите до ромскиот здравствен медијатор. Медијаторот може да Ви помогне да го остварите правото на здравствено осигурување, да изберете матичен лекар или гинеколог, да Ви ги пополни потребните барања и документи (ако не можете сам/сама), да Ве информира, едуцира и советува во врска со Вашите права во областа на здравствената заштита, да посредува и да Ве придружува (ако е потребно) при посетата на здравствени установи. Ромски здравствени медијатори има во јавните здравствени домови (амбуланти) во неколку општини: Шуто Оризари, Карпош, Ѓорче Петров, Гази Баба, Тетово, Гостивар, Кочани, Штип и Делчево. Доколку во Вашето место на живеење нема ромски здравствен медијатор, обратете се до најблискиот Ромски информативен центар или во ромските граѓански организации активни во Вашата заедница.

## **Ако пред** одењето во странство сте биле здравствено осигурани

Доколку пред одењето во странство Вие и Вашето семејство сте го оствариле правото на здравствено осигурување, постапката е поедноставна. Појдете во подрачна единица на Фондот за здравствено осигурување во Вашето место на живеење за да поднесете барање и понесете ги следните документи:

**-лична карта на увид,**

**-извод од матичната книга на венчани (ако сте во брак),**

**-изводи од матичната книга на родените за Вашите деца,**

**-нови здравствени легитимации за секој член од семејството во кои ќе внесете личните податоци.**

Ако ги чувате старите книшки, понесете ги и нив – тоа може да ја олесни постапката.

## **Ако пред** одењето во странство не сте биле здравствено осигурани

Во ваков случај, треба да се упатите во седиштето на Фондот за здравствено осигурување во Скопје за да поднесете барање:

-пополнето барање – Образец 301,

-лична карта на увид,

-извод од матичната книга на венчани (ако сте во брак),

-изводи од матичната книга на родените за Вашите деца и

-доказ дека редовно се пријавувате во центрите за вработување, т.е. Агенцијата за вработување на Република Македонија (копија од картонот за пријавување или потврда издадена од Агенцијата).

Кога ќе го поднесете барањето на шалтерот во Фондот за здравствено осигурување, ќе добиете потврда за поднесувањето со архивско бројче. Чувајте ја потврдата, затоа што ќе Ви треба во текот на натамошната постапка и комуникација со Фондот. Вообичаено постапката трае десетина дена.

По завршувањето на постапката, ќе појдете во Фондот за здравствено осигурување уште еднаш и ќе однесете нови здравствени книшки за Вас и за сите членови на Вашето семејство кои се стекнале со здравствено осигурување, пополнети со личните податоци. Фондот ќе ги завери Вашите здравствени книшки, по што ќе можете да ги користите услугите на јавното здравство во Македонија, под еднакви услови како сите граѓани.

## Други важни напомени

Доколку имате дете родено во странство, пред да се обидете здравствено да го осигурате, за него прво мора да обезбедите извод од матичната книга на родените. Надлежна институција е Управата за матични книги; информирајте се во подрачната единица во Вашето место на живеење (за детали види во делот: Лични документи).

Доколку во текот на постапката за вадење извод од матичната книга на родените за Вашето дете родено во странство, детето се разболи и има потреба од лекување, имате право како родител да се повикате на сопственото осигурување и да побарате услуги од здравствените установи за детето. Ако е потребно, побарајте помош од ромските здравствени медијатори или ромските граѓански организации во случаи на итност.

При користењето на најголемиот дел услуги од системот за јавно здравство имате обврска да плаќате партиципација. Исклучок се здравствени услуги за новороденчиња и бебиња кои немаат навршено една година – за нив услугите се бесплатни.

Вакцинацијата на децата е задолжителна и бесплатна. Потврда дека детето ги примило задолжителните вакцини е еден од документите што се бараат при упис на децата во основно образование.

Исто така, породувањето е бесплатно, без оглед дали родилката е здравствено осигурана или не.

Доколку во текот на престојот на странство Вие или членови на Вашето семејство сте користеле одреден лекарски третман од посериозен карактер (пример, операција, утврдена потреба за долготрајна терапија и сл.), внимателно чувајте ја сета документација добиена од странските здравствени установи. Иако честопати македонските здравствени установи бараат судски превод, во одредени итни случаи, таа документација може да биде од големо значење за зачувување на Вашето или здравјето на членови на Вашето семејство.

# Образование

Образованието е право на секое дете. Никој не треба да биде исклучен од образовниот процес од какви било причини.

Основното и средното образование во Македонија се задолжителни и бесплатни за секое дете без разлика на полот, етничката или верската заедница или имотната состојба.

## Предучилишно образование

Родителите можат да ги запишат своите деца во детската градинка или во центар за ран детски развој. Пријавите за упис во детска градинка родителите можат да ги поднесат преку целата година и најчесто се потребни следните документи:

**-пријава со податоци за родителите и**

**-потврда од матичен лекар за здравствената состојба на детето.**

Некои градинки бараат да се достават и извод од книгата на родени за детето и копија од лична карта на родителот/родителите. Обратете се во најблиската детска градинка за точно да Ви кажат кои документи се потребни за упис. Имајте предвид дека градинката, поради презафатеност, можеби нема да биде во можност веднаш да го прифати Вашето дете; затоа информирајте се и пријавете се во градинката барем неколку месеци однапред, т.е. пред месецот кога сакате Вашето дете да започне да ја посетува.

За престојот на децата во детските градинки, родителите плаќаат месечна партиципација. Ако не сте во можност да плаќате партиципација, обратете се до Центарот за социјална работа за да се информирате за можноста да бидете ослободени од таа обврска, како право на детска заштита. Исто така, постои посебен проект на Министерството за труд и социјална политика за вклучување на деца Роми во детските градинки (проект „Инклузија на деца Роми во јавни предучилишни установи (детски градинки), кој овозможува поддршка на Ромчињата во предучилишното образование во 18 општини, вклучувајќи ги Шуто Оризари, Тетово, Битола, Куманово и Делчево. Распрашајте се во локалната градинка дали и како можете да се вклучите.

Центрите за ран детски развој се друга можност за детска заштита кои обезбедуваат престој од неколку часа на ден, без обезбедување храна. Престојот во центрите за ран детски развој е бесплатен.

Побарајте информации во општината, Центарот за социјална работа или Ромскиот информативен центар за најблискиот центар за ран детски развој.

Исто така, во одредени општини постојат ромски медијатори за предучилишно образование, кај кои можете да се обратите за дополнителна поддршка и информации во врска со запишувањето на Вашето дете во детска градинка. Затоа, корисно е да се распрашате во Вашата заедница (општината, граѓанските организации, Ромскиот информативен центар, локалната детска градинка и сл.) дали и кој е ромски медијатор за предучилишно образование за да можете да му се обратите.

## Основно образование

На децата кои престојувале во странство и се вратиле во Македонија каде што го започнуваат, односно продолжуваат основното образование, училиштата се должни да им помогнат во изучување на мајчиниот јазик. Исто така, училиштето е должно да организира индивидуална и групна дополнителна настава за надоместување на знаењето од одредени предмети. Побарајте од училиштето да ја обезбеди ваквата поддршка.

Потребни документи за упис на ученици во основно училиште се:

**-потврда за примените задолжителни вакцини за детето,**

**-фотокопија од извод на матична книга на родените (за идентификација на ученикот, која му се враќа на родител/старател),**

**-потврда за извршен систематски преглед кај стоматолог (заболекар).**

Од 2009 година, ромските семејства кои се социјално загрозени се ослободени од плаќање на административна такса за потврда за имунизација.

Доколку ги немате потребните документи обратете се до училиштето за најдобро решение за запишувањето на Вашето дете. Поддршка за обезбедувањето документи можете да побарате и од најблискиот Ромски информативен центар.

Доколку Вашето дете следело настава во друга земја, потребно е да ги нострифицирате стекнатите дипломите и свидетелства. Тоа ќе Ви овозможи Вашето дете да продолжи со образованието според завршеното одделение во странство (наместо да се врати во одделението во кое детето било кога од Македонија сте заминале во странство). Ќе треба да доставите извод од матичната книга на родените за детето, уверение за државјанство и судски превод од стекнатите свидетелства во странство. Трошоците поврзани со самото барање изнесуваат 2.250 денари. Обратете се во Министерството за образование

и наука, тел: (02) 3121 412 за дополнителни информации или погледнете на нивната веб-страница (www.mon.gov.mk и потоа следете ја следната патека: Документи/Нострификација/Потребни документи за нострификација за основно образование).

## Средно образование

Најпрецизни информации за упис на Вашето дете во средно образование ќе добиете во самото училиште во кое детето сака да се запише.

Учениците во средно образование имаат право на бесплатни учебници, превоз и сместување во ученичките домови.

Олеснителна околност за упис во средното образование е можноста учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во јавно средно училиште ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно конкурсот на училиштето.

Државата обезбедува поддршка на учениците Роми во средно образование преку: парична поддршка – стипендии и поддршка во учењето (менторство и туторство). Дополнителни информации можете да добиете во Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците (тел: (02) 3140-156).

Исто така, ромските семејства кои се корисници на социјална парична помош и кои имаат редовен ученик запишан во средно училиште можат да ја користат програмата за условен паричен надоместок. Услови за користење на оваа поддршка се ученикот да не е примател на детски додаток, да присуствува на најмалку 85% од одржаните часови и да не ја повторува годината. Надоместокот, во износ од 12.000 денари годишно, се исплаќа на мајката на ученикот. Пријавувањето се одвива на почетокот на секоја учебна година, од 1ви до 30ти септември, во центрите за социјална работа, каде може да добиете дополнителни информации.

Постапката за нострификација на свидетелства или дипломи за завршени класови од средното образование во странство е слична со онаа опишана во делот за основно образование. Трошоците поврзани со самото барање изнесуваат 3.250 денари. Дополнителни информации можете да добиете во Министерството за образование и наука можете да добиете, тел: (02) 3121 412, или преку нивната веб-страница (www.mon.gov.mk и потоа следете ја следната патека: Документи/Нострификација/Потребни документи за нострификација за средно образование).

## Високо образование

Високото образование не е задолжително, но е пожелно, бидејќи завршувањето факултет значително ги зголемува можностите за вработување и повисок животен стандард. Секој универзитет и факултет пропишува сопствени критериуми за упис; оттука, најдобро е кај нив директно да се обратите за повеќе информации.

Значајно е да се истакне дека Ромскиот образовен фонд од Будимпешта, Унгарија, нуди можности за обезбедува стипендии за Роми кои сакаат да завршат факултет. Повеќе информации можат да се најдат на нивната веб-страница (www.romaeducationfund.hu, сајтот е на англиски јазик).

## Образование за возрасни

Доколку сте возрасно лице, а сакате да го заокружите Вашето основно или средно образование, или сакате да се описмените, да се вклучите во програми за доквалификација, преквалификација и слично, најдобро е да се обратите до надлежната институција – Центар за образование на возрасни, тел: (02) 3220 808. Информациите можете да ги добиете и преку нивната веб-страница (www.cov.gov.mk).

# Вработување

Носител на владините активни мерки и политики за поттикнување на вработувањето е Агенцијата за вработување на Република Македонија(АВРМ). Основен услов за користење на активните мерки за поттикнување на вработување е лицето да биде регистрирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како активен барател на работа. Таа постапка е опишана во делот Социјална заштита.

Како дел од ранливите групи, Ромите кои се активни баратели на работа можат да земат учество во Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик. Оваа програма предвидува финансиска поддршка на работодавач кој ќе вработи лице-припадник на група во социјален ризик, но и на самото лице за период од шест месеци. Работодавачот има обврска да го задржи лицето на работа најмалку уште 12 месеци. Износот на поддршката е 2.000 денари месечно за работодавачот и 17.000 денари месечно за нововработеното лице (што вработениот ќе ја добива како бруто плата).

Програмата Поддршка за вработување на млади се однесува на сите млади активни баратели на работа на возраст до 29 години. Таа нуди можности за обуки и унапредување на вештините на младите невработени лица со соодветно образование и квалификации во следните области:

**-обуки за дефицитарни занимања на пазарот на трудот,**

**-обука за напредни ИТ (компјутерски) вештини,**

**-практиканство,**

**-обука и советување за претприемништво и**

**-обука за барање работа и вештини за подготвеност за работа.**

Програмата за самовработување има за цел да ги поддржи невработените лица кои сакаат да започнат сопствен бизнис. За реализација на нивните бизнис идеи, оваа програма нуди бесплатна обука, советодавна и финансиска поддршка (за набавка на опрема или материјали). За користење на мерките од оваа програма, заинтересираните лица се пријавуваат со изјава и пополнет прашалник во центрите за вработување. Идејата потоа, со советодавна поддршка, се преточува во бизнис план, за чија реализација лицето може да добие до 4.000 евра. Советодавната поддршка продолжува и по регистрирањето на бизнисот.

Агенцијата за вработување на Република Македонија нуди обуки и во други области:

**-возачи за Ц и Е категорија,**

**-стекнување вештини од стари занаети,**

**-основни вештини за компјутери,**

**-основни вештини за странски јазици,**

**-обуки во областа на обезбедувањето,**

**-обуки во областа на туризмот, како и**

**-обуки за стекнување квалификации според моменталните потреби на пазарот на трудот (за занимањата кои фирмите ги бараат).**

Програмата за општинско-корисна работа нуди можности за времено ангажирање на невработени лица-припадници на социјално ранливи групи, вклучувајќи Роми, на скратено работно време. Работниот ангажман може најдолго да трае шест месеци, а висината на месечниот надоместок изнесува 6.200 денари, вклучувајќи данок. Значајно е дека во овој период, лицето го задржува статусот на невработено лице (и може да продолжи да ги остварува социјалните, здравствените и други права по тој основ). На тој начин, лицата може да стекнат нови или да ги подобрат своите работни вештини и во иднина полесно да најдат работа на пазарот на трудот. Агенцијата за вработување на Република Македонија ја спроведува оваа програма во соработка со заинтересираните општини, кои ги утврдуваат критериумите за ангажирање невработени лица и областите (дневна грижа, здравствена заштита, образование, спорт итн.) во кои ќе се работи. Обратете се во локалниот центар за вработување или во Вашата општина за да добиете повеќе информации.

Исто така, лицата со попреченост кои имаат работна способност и кои се регистрирани како активни баратели на работа можат да ја користат Програмата за субвенционирање на работни места за лица со инвалидност, како и Програмата за самовработување на лицата со инвалидност.

Сите можности за вклучување во активните мерки на Агенцијата за вработување на Република Македонија се огласуваат јавно и заинтересираните кандидати треба самите да се пријават. Повеќе информации може да добиете во Агенцијата, на нејзината веб-страница или во најблиските центри за вработување. Ако сте корисник на социјална парична помош и морате еднаш месечно да се пријавите во Агенцијата, искористете ја приликата да се информирате за активните мерки и за тековните огласи.

Од друга страна треба да се истакне дека повеќе ромски граѓански организации нудат можности за унапредување на знаењата и вештините на Ромите и за поттикнување на нивното вработување. Следете ги активностите на ромските организации во Вашите локални заедници и вклучете се во нивните активности.

# Домување

Во Македонија нема посебни мерки за обезбедување привремено или постојано сместување за повратниците од странство. Ромите-повратници можат да добијат одредена поддршка од државата за решавање на станбеното прашање, под исти услови како и сите други граѓани во земјава.

Затоа, по враќањето од странство, вратете се во живеалиштето (домот) или во заедницата (семејство, роднини, пријатели) кадешто сте живееле пред да заминете во странство.

## Легализација на дивоградби

Ако Вашиот дом е дивоградба (бесправен објект, како што се вика официјално) изградена пред 3 март 2011 година, имате можност да поднесете барање за легализација до 31.12.2018 година. Барањето за легализација (односно барање за утврдување на правниот статус на бесправен објект) се поднесува до општината. Корисниците на социјална и постојана парична помош и лицата со ниски парични примања имаат право на бесплатни елаборати за легализација на дивоградбите во кои живеат. За дополнителни информации и помош за прибирање на потребните документи обратете се во Вашата општина или во најблискиот Ромски информативен центар.

### Ако немате сопствено живеалиште

Државата обезбедува парична помош за социјално домување за:

**-корисници на постојана парична помош и**

**-лица не постари од 26 години, а кои до 18 години имале статус на деца без родители и без родителска грижа.**

Ова право се остварува во Центарот за социјални работи во Вашата општина, кадешто можете да добиете дополнителни информации. Исто така, за информации и поддршка за прибирање документи и поднесување барање можете да се обратите во најблискиот Ромски информативен центар.

Ромите кои се социјално загрозени и го немаат решено станбеното прашање, имаат право да се пријават за добивање социјален стан. Барање за добивање социјален стан се поднесува кога ќе биде распишан оглас за добивање социјален стан во Вашето место на живеење. Информации за огласот, условите, потребните документи и постапката за поднесување барање можете да добиете во Центарот

за социјална работа или преку најблискиот Ромски информативен центар. Од двете институции можете да добиете поддршка за пополнување и поднесување на барањето и за обезбедување на документи.

Во втората половина од 2017 година, изградбата на социјални станови е во тек или се планира да започне во: Гевгелија, Пехчево, Виница, Куманово, Свети Николе, Пробиштип, Неготино, Струмица, Тетово, Дебар, Гостивар, Македонски Брод и Велес.

Ако имате план и можности да изградите сопствена куќа, можете да добиете бесплатен проект (архитектонска скица) за типски куќи од Министерството за транспорт и врски или да го преземете од веб-страницата на министерството. Преземањето на скиците ќе Ви заштеди пари бидејќи не ќе мора да платите за архитектонски услуги за нивна подготовка. Барањето за одобрение за градење, заедно со скиците, треба да го поднесете до одделението за урбанизам во Вашата општина. Бесплатните проекти за куќи се достапни во 12 варијатни со 6 различни квадратури од 50 до 200 квадратни метри.

## Микро заеми за домување

Здружението за хумано домување Хабитат Македонија, во партнерство со микрофинансиските институции Можности и Хоризонти, нуди микро заеми (кредити) за лица кои живеат во супстандардни (лоши) услови и имаат ниски примања:

Фонд за подобар дом е кредитна линија наменета за лица кои живеат во сопствени домови со супстандардни услови. Заемот можете да го користите за реконструкција, реновирање и поправка, доградба, како и друга интервенција за подобрување на условите во домот. Износот на заемот се движи од 50.000 до 300.000 денари со рок на отплата помеѓу една и половина до пет години. На корисниците на овие кредити, Хабитат Македонија им обезбедува бесплатни градежни совети од стручно лице за најдобро искористување на добиените средства. За повеќе информации околу деталите и условите за микро кредитирањето преку оваа програма посетете ги експозитурите на микрокредитната фондација Хоризонти во следните општини:

**-Шуто Оризари: ул. Гарибалди бр. 25, тел: 265 1269;**

**-Велес: ул. 8-ми Септември бр. 57 (ВЕ-МОЛ), тел: 043 21 18 18,;**

**-Битола: ул. Св. Нектариј Битолски бр. 146а, тел: 047 20 37 25;**

**-Прилеп: ул. Марксова бр. 44, тел: 048 42 77 14;**

**-Кочани: ул. Стево Теодосиевски бр. 2, тел: 033 27 85 56;**

**-Гостивар: ул. ЈНА бр. 21, тел: 042 22 10 17;**

**-Струмица: ул. Дебарска бр. 6, тел: 034 34 01 67;**

**-Центар: ул. Владимир Полежиновски бр. 9, тел: 02 3093 371.**

Фонд за енергетска ефикасност е кредитна линија за домаќинства кои сакаат да направат енергетско ефикасни реконструкции во своите индивидуални супстандардни домови. Под енергетско ефикасни реконструкции се подразбираат следните зафати: топлинска и хидроизолација на фасада, покрив и под, замена на старите и дотраени прозорци и балконски врати, користење на сончева енергија, поставување на термостатски вентили и замена на сијалици од жаречки во лед. Максималниот износ на заемот е 2.000 евра, со рок на враќање до 24 месеци. Заемите се наменети за: земјоделци, вработени, пензионери, сопственици на мал бизнис и сл. За повеќе информации околу деталите и условите за користење на оваа кредитна линија јавете се во централата на Можности на тел: (02) 2401 051 или посетете ги експозитурите во следниве градови:

-Битола: ул. Маркс и Енгелс бр. 42, тел: (047) 203 577;

-Велес: ул. 8-ми Септември бр. 90, тел: (043) 221 307;

-Гостивар: ул. Гоце Делчев бр. 88, тел: (042) 221 232;

-Кавадарци: ул. Пано Мударов бр. 17, тел: (043) 417 920;

-Кичево: ул. Ослободување бб, тел: (045) 221 313;

-Кочани: ул. ВМРО бр. 47, тел: (033) 271 650;

-Куманово: ул. Гоце Делчев бр. 70, тел: (031) 437 020;

-Струмица: ул. Ленинова бр. 75, тел: 034) 348 498;

-Тетово: ул. Дервиш Цара бр. 28, тел: (044) 334 757.

# Заштита од дискриминација и почитување на правата

Доколку во одредена ситуација сметате дека сте жртва на дискриминација (вклучувајќи при преминувањето на државната граница за влез или излез од Република Македонија) како припадник на ромската заедница или по каква било друга основа, можете да се обратите и бесплатно да поднесете претставка до Комисијата за заштита од дискриминација. Комисијата ќе го разгледа Вашиот случај и ќе Ве информира за можностите за судска или друга постапка да ги заштитите своите права.

**Комисија за заштита од дискриминација**
Кеј Димитар Влахов 6б (зграда на МРТВ), 20 спрат
Контакт телефон: **(02) 323 22 42**
Веб-страница: www.kzd.mk

Ако сметате дека Вашите уставни и законски права како граѓанин се повредени од државните органи и институции, за заштита на своите права можете да се обратите кај Народниот правобранител. Правобранителот може да им укаже на органите и институциите да постапуваат во насока на почитување на правата на граѓаните.

**Канцеларија на Народниот правобранител**
улица Македонија 19, Скопје
Контакт-телефон: (02) 3129 335
Веб-страница: www.ombudsman.mk

# **Контакт** - информации на локалните институции и организации

## Шуто Оризари (Скопје)

**Центар за социјална работа**

адреса: Индира Ганди бб

тел: 02 2601 908; 02 2600 440

**Центар за вработување** на Град Скопје

адреса: Васил Ѓоргов бб

тел: 02 3138 434

**Управа за** водење на матичните книги – матично подрачје Шуто Оризари

адреса: Шуто Оризари бб

тел: 02 2651 707

**Ромски информативен центар**

адреса: Општина Шуто Оризари, Виетнамска бб

тел: 02 2652 580; 077 484 059 (Фарије Амет)

**Ромски здравствен медијатор**

тел: 078 264 454 (Љатифе Шиковска), 076 785 209 (Демир Муса)

**Ромски едукативен центар Амбрела**

адреса: Иван Аговски 9, 3/10

тел: 070 445 978

**Ромски ресурсен центар**

адреса: Архимедова бб

тел: 02 3106 666

**Едукативен центар Дендо Вас**

адреса: Бертранд Расел 40

тел: 02 203 6316

**Центар за демократски развој и иницијативи**

адреса: Виничка 10

тел: 02 2652 591; 02 2656 680

## Куманово

**Центар за социјална работа**

адреса: Тодор Велков 4

тел: 031 438 160

**Центар за вработување**

адреса: Тодор Велков бб

тел: 031 422 077

**Управа за** водење на матичните книги – матично подрачје Куманово

адреса: Гоце Делчев бб

тел: 031 464 750

**Ромски информативен центар**

адреса: Центар на ромската заедница Дром, Трета македонска ударна бригада 14

тел: 031 411 406; 078 416 101 (Мердан Муслиески)

**Ромски здравствен медијатор**

во време на подготовка на прирачникот (октомври 2017), оваа позиција е непополнета

**Ромска организација на жените од Македонија Даја**

адреса: Иво Лола Рибар 46

тел: 031 413 662

**Центар на ромската заедница Дром**

адреса: Трета македонска ударна бригада 14

тел: 031 411 406

**Национален ромски центар**

адреса: Доне Божинов 11/5

тел: 031 427 558

**Форум за правата на Ромите Арка**

адреса: 11 Ноември 17/1-1

тел: 031 421 362

## Битола

**Центар за социјална работа**

адреса: населба Карпош бб

тел: 047 241 426

**Центар за вработување**

адреса: Ѓорче Петров бб

тел: 047 237 154

**Управа за водење на матичните книги – матично подрачје Битола**

адреса: Столарска 3

тел: 047 275 969

**Ромски информативен центар**

адреса: Јорго Костовски бб

тел: 047 241 694; 070 449 092 и 078 449 092 (Ремзи Медик) и 075 890 050 (Сарита Ахмедова)

**Ромски здравствен медијатор**

во време на подготовка на прирачникот (септември 2017), оваа позиција е непополнета

**Центар за развој на ромската заедница Баирска светлина**

адреса: Љубојно 38

телефон: 047 241 694

## Тетово

**Центар за социјална работа**

адреса: улица 121 број 2

тел: 044 331 575

**Центар за вработување**

адреса: Благоја Тоска 23

тел: 044 422 449

**Управа за водење на матичните книги – матично подрачје Тетово**

адреса: Иво Лола Робар 1

тел: 044 333 470

**Ромски информативен центар**

адреса: Хуманитарно здружение на Ромите Сонце, поштенски фах 159, Тетово

тел: 044 352 392; 071 902 013 (Хиснириза Емурлаи) и 070 804 487 (Орхан Исмаили)

**Ромски здравствен медијатор**

тел: 077 673 682 (Туркјан Лимани)

**Асоцијација за демократски развој на Ромите Сонце**

адреса: Поштенски фах 159, Тетово

тел: 044 352 390

## Делчево

**Центар за социјална работа**

адреса: Орце Николов 6б

тел: 033 411 736

**Центар за вработување**

адреса: булевар Македонија 6б

тел: 033 411 106

**Управа за водење на матичните книги – матично подрачје Делчево**

адреса: Методи Митевски – Брицо 40

тел: 033 410 023

**Ромски информативен центар**

адреса: Општина Делчево, Маршал Тито 6б

тел: 033 413 695; 070 457 179 (Шазија Мемедова)

**Ромски здравствен медијатор**

тел: (075 766 867) Безит Безитовски

**Невладина организација Кхам Делчево**

адреса: Маршал Тито 69

тел: 033 410 257